НОВА МАКЕДОНИЈА
# Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Година III
број 27
30 Март
2007 год.

СРЕДБИ

## Ќе има ли доволно лекови од позитивната листа?

Доставувањето на лекови од позитивната листа, што се на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија од страна на добавувачите (веледрогерии или фармацевски компании) на аптеките кои имаат договор со Фондот за издавање лекови на пациентите кои имаат здравствено осигурување, обично се врши во првите пет денови од месецот. Меѓутоа, во месец март годинава испораката на лековите од добавувачите не беше извршена во тој термин, со што задоцни и издавањето на лековите во аптеките, поради што имаше реакции од пациентите кои беа навикнати своите лекови да ги земаат во овј период. При тоа посебно негодуваа и корисниците на лекови од пензионерската популација, кои се обратија за помош и до Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Поттикнати од тоа претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** и потпретседателот на оваа најбројна пензионерска асоцијација **Андон Марковски** на 9 март имаа средба со директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, **Ѓорѓи Тренковски**, со цел изворно да се запознаат со настанатиот проблем. При тоа беа информирани дека испораката и издавањето на лековите во аптеките било одложено поради определена интервенција во софтверот на автоматската обработка на податоците во компјутерскиот систем кај аптеките.

Директорот Тренковски во разговорот напомена дека за времето кога не се издаваа лекови во аптеките, Фондот извршил проверка за залихите на лекови од позитивната листа, при што се констатирало дека во залиха имало лекови во вреднсот од 40 милиони денари.

Се очекува во наредниот период во аптеките да има доволно лекови од позитивната листа, со оглед на тоа што од Фондот за здравствено осигурување на Македонија е најавено зголемување на овие лекови за 25 отсто, а ќе се зголеми и бројот на аптеките што ќе имаат договор со Фондот и тоа за повеќе од 50 отсто.

**Инаку, во СЗПМ планираат и одржување состанок со минстерот за здравство Имер Селмани и директорот на Фондот Ѓорѓи Тренковски со сите претседатели на здруженијата на пензионерите од нашата земја.**

**Борис Јосифовски**

# Програма за работа на Извршниот одбор на Собранието на СЗПМ за 2007 година

Пензионерската организација навлегува во нов четиригодишен циклус на работа. Сите нејзини структури подготвувајќи се за работа донесуваат свои програми. Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија усвои своја Ориентациона програма за период 2007-2010 година. Такви програми имаат или за краток период ќе имаат и сите здруженија на пензионерите во Република Македонија.

Собранието на СЗПМ, усвојувајки ја долгорочната програма за своја работа практично ги одреди целите и задачите, ја означи својата програмска и целна насоченост и очекува неговите органи да ја реализираат.

Извршниот одбор, постапувајки сообразно со својата функција, на основа оваа долгорочна - четиригодишна Ориентациона програма, усвои своја програма. Неа ќе ја спроведува на начини соодветни на суштината на прашањата, преку свој или ангажман на свои работни тела или пак преку ангажирање на поединци- својот преседател или некој друг.

1.**Како општа, сеопфатна задача се означува следење и проучување на уставните и законските права и реагирање ако оценува дека за тоа има потреба.**



Годинава Извршниот одбор ќе ја продолжи активноста во врска со започнатите а не завршени иницијативи за менување на одделни законски одредби ценејќи дека промените битно ќе влијаат на вкупната положба на пензионерите:

-Промена во Законот за ПИО на условите за усогласување на пензиите - сегашните: 40 % од порастот на трошоците на живот да се заменат со 80%, а да остане 20% од порастот на просечните плати во Републиката, односно да се усвои законско решение од порано.

-Промена во Законот за ПИО во делот на составување на Управниот одбор со обврска во него задолжително да има претставник на пензионерите делегиран од ИО СЗПМ.

- Во Законот за ПИО да се внесе одредба со која Фондот ќе биде обврзан да врши сервисирање на задршките за солидарни фондови и членарината.

-Спроведување на одредбите на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија и СЗПМ од 10 јуни 2006 година за зголемување на пензиите за 10% во рок од 18 до 24 месеци;

-Ослободување од партиципација на лекови и здравствени услуги на пензионерите постари од 65 години, подобрување на услови за континуирано снабдување со лекови и овозможување пензионерите со хронични заболувања да можат одеднаш да добиваат рецепти за терапија до три месеци

-Посебен ангажман ќе се насочи кон конечно разрешување на прашањето на опстојување на солидарните средства, односно фондови при здруженијата на пензионерите наменети за исплата на надоместок во случаи на смрт на пензионери.

2. **Ангажирањата за натамошен институционален и организациски развој на пензионерската организација годинава ќе се изразат во:**

-Разгледување на одделни укажувања за потреба од менување поедини одредби на Статутот на СЗПМ, негово усовршување со внесување на корисни и потребни статутарни одредници за СЗПМ.

- Поддршка на конкретни процеси на промена на Статути на здруженијата на пензионерите во Републиката.

-Поддршка и помош во изнаоѓање посоодветна поставеност на здруженијата од ниво на ограноците до ниво на здруженијата.

- Кадровско и материјално јакнење на организацијата преку опфаќање во работа на нови кадри, нивна едукација и вклучување во активности на сите нивоа, подобрување на просторни и други материјални погодности и нивно користење.

-Иницирање и поддршка на активностите во здруженијата насочени кон помош на пензионери низ различни фази и видови: на болни пензионери, на оние со ниски примања, на оние што ќе одат во објекти за опоравок или одмор, при организирање на туристички патувања и сл. Се очекува ваквите ангажирања на здруженијата да се одвиваат врз предвидени одредби во правилници или пропозиции или други видови нормативни акти.

- Поддршка на започнатите активности и процеси на средување на имотноправните односи за постојните пензионерски домови, изградба на нови домови и изградба на четири домови за стари лица.

3. **Во рамки на своето залагање за подобрување на квалитетот на животот на пензионерите ќе се продолжи со активностите во културно- забавната и спортската активност.**

- Ќе се продолжи со организирање на пензионерските спортски игри. Ке се отпочне во мај со натпревари во ограноци, јуни-регионални, септември - Републички.ИО со своја одлука ќе формира Организационен одбор, ќе одреди место и дата на одржување на Републичките игри и ќе издаде Билтен за Игрите . Ќе настои во Игрите - натпреварите да учествуваат што повеќе здруженија.

- Ревиите на песна , музика и игра ќе се одржат со учество на зголемен број на учесници. Регионалните ревии ќе се одржат најкасно до 15 јули и меѓурегионалните најкасно до 10 октомври. ИО ќе формира Организационен одбор, одреди број на регионални ревии и место и дати на нивно одржување како и број на меѓурегионалните и место и дати на нивно одржување. По завршувањето на меѓурегионалните ревии ќе биде издаден билтен.

Ќе сугерира и помогне во здруженијата да се изготват календари на други активности: приредби за свое членство и сограѓани, гостувања кај други здруженија, литературни активности ( конкурси, поетски вечери и читања), изложби, средби со повод и слично.

4. **Соработката ќе се организира и одвива главно на три нивоа:**

- Со здруженијата, а при тоа поттикнувајќи ја и соработката помеѓу нив.

-Со органи, институции и служби на државата (Собранието, Владата, министерствата, фондовите за ПИО и здравството и др.), со други здруженија на граѓани и нивни сојузи, а особено со Сојуз на борци , Црвен крст, други сојузи на пензионери, хуманитарни организации, МЦ-МС,Синдикат и други.

- Со организации на пензионери од соседните и други земји заради што ќе се изготват платформа и спогодби.

5. **Информирањето ќе треба да се зголеми и квалитативно и квантитативно.** Ќе се направат напори да ѐе добијат повеќе информации заради увид во активностите и возврати со свои информации за она што се работи на ниво на СЗПМ. Ќе се продолжи со издавање на подлистокот „Пензионерски видици" и „Трето доба" и ќе се бараат и други можности. Ќе се настои здруженијата да ги ползуваат „Видиците" во знатно поголем број одошто досега , ќе се стимулираат нивни ангажмани на овој план со издавање билтени, информатори, соопштенија, известувања, настапи преку локални медиуми и слично.

6. **Ке се одбележи Денот на пензионерите 20 Септември,** а исто така преку свои претставници ќе биде учесник во одбележување на значајни републички и локални настани .

7. **Заради реализирање на програмата ИО со своја Одлука ќе формира повеќе работи тела:** правно-економски совет и постојани комисии за: спорт и рекреација; културно - забавни дејности; меѓународна и друга соработка; здраство и здравствено осигурување; информирање, а по потреба и други постојани или повремени работни тела. На секое работно тело во Одлуката за формирање ќе се одредат надлежности , состави и поблиска содржина на работа. Секое работно тело на основа оваа програма ќе изготви своја поконкретна по можност по теми и периоди.

* *

Програмата е подложна на промени, внесувања нови содржини диктирани од современието и конкретните потреби.

**ИО на СЗПМ**

Врз основа на чл.28 точка 17 од Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и согласно чл.1 од Одлуката за основање на постојани работни тела на Извршниот одбор на Собранието на СЗПМ, Извршниот одбор на Собранието на Сојузот на седницата одржана на 22.02.2007 год. донесе

### ОДЛУКА

**за именување претседатели и членови на постојаните работни тела на ИО на Собранието на СЗПМ**

I.ПРАВНО-ЕКОНОМСКИ СОВЕТ

1. **Никола Николовски**-Крушево претседател
2.Васко Калески-Охрид
3.Љупчо Јанев-Штип
4.Павле Велковски-Скопје
5.Беќир Жута-Скопје
6.Анастас Ивановски-Охрид
7.Алеко Петановски-Центар
8.Ацо Донев-Скопје
9.Ристо Прентовски-Скопје

II. КОМИСИЈА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

1.**Здравко Петковски**-ОВР -претседател
2.Јован Дупкарски-Берово
3.Ѓорѓи Калеов-Штип
4.Слободан Рафајловски-Гостивар
5.Јовче Шојлевски-Ресен
6.Крсте Јовановски-Струга
7.Спиро Николовски-Центар
8.Розалија Јордановска -Неготино
9.Љубица Кузмановска -Куманово

III. КОМИСИЈА З А ЗДРАВСТВО

1.**Д-р Никола Стојановски**-Скопје претседател
2.Д-р Јован Јовановски-Прилеп
3.Д-р Божидар Миновски-Куманово
4.М-р Борис Јосифовски-К.Вода
5.Д-рМирко Анакиев-Кочани
6.Борис Настев-Велес

IV. КОМИСИЈА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

1.**Драги Аргировски**-К.Вода -претседател
2.Димче Апостолски-Центар
3.Јован Каракутовски-Карпош
4.Иванчо Кузмановски-Кичево
5.Калина Андонова-Чаир

V. КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНО - ЗАБАВЕН ЖИВОТ

1.**Душко Переcки**-Гази Баба -претседател
2.Спирко Николовски-Куманово
3.Милевка Здравковска-Пробиштип
4.Нурие Кадриу-Скопје
5.Мирослава Петровска-Кочани

VI.КОМИСИЈА ЗА СОРАБОТКА

1.**Душко Шурбановски**-Карпош -претседател
2.Андон Марковски-Чаир
3.Чедо Георгиевски-Куманово
4.Крсте Ангеловски-Скопје
5.Нервет Јашари-Тетово

VII.КОМИСИЈА ЗА СОЛИДАРНИ ФОНДОВИ

1.**Љупчо Наумовски**-Прилеп -претседател
2. Момчило Марковски-Велес
3.Стојан Николовски-Чаир
4.Руфат Рамадани-Карпош
5.Никола Лафчински-Делчево

Промоција на монографијата

# „Во виорот на третата доба“

Во салата на Мултикултурниот центар во Кочани деновиве се одржа промоција на монографијата "**Во виорот на третата доба**" во издание на Здружението на пензионерите и печатницата "Европа 92", а ја подготви и уреди познатиот новинар и публицист **Драги Аргировски**.

Во присуство на голем број пензионерки и пензионери, како и гости меѓу кои **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ, **Ангел Максимов**, претседател на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ и **Ратко Димитровски**, пратеник, промотори на оваа квалитетна монографија беа **Чедо Георгиевски**, секретар на СЗПМ и **Костадин Романов**.




Притоа Георгиевски со импресии се осврна на значењето на монографијата.

"Јас книгата ја ценам како еден од највредните цивилизациски изуми и достигнувања што помогнале и помагаат на човекот да сочува од заборав многу од она што создал како материјално и духовно добро, како вредност за наредни генерации, како основ и поттик за нови создавања. Не е притоа битно дали "книгата" била или е во вид на керамичка плочка, папирус, бамбус, хартија, пластика, лента, камен и друго, дали била и е "напишана" со хироглифи, букви, посебни знаци, електронска техника и сл. Битно е да ја врши својата функција - да содржи, сочува, пренесе, поттикне итн.



Ние, Македонците, себе си се сметаме за народ кој во светската историја посебно во цивилизациската, сме дале многу и дека некои наши придонеси имаат светска и неодминлива, па дури и ненадминлива вредност. Наспроти тој факт, по мое мислење, имаме несоодветно мал број пишани и на друг начин сочувани траги, па секој придонес преку траен начин на прикажување на одредени достигнувања ми е драг. Таков е случајот со оваа ценета монографија за Здружението на пензионерите во Кочани.

Ако Монографијата имала за цел да го претстави Здружението како дел од пензионерското организирање и дејствување во Македонија, сметам дека тоа е сторено на многу интересен и примамлив начин. Секој добронамерен и заинтересиран читател лесно ќе го согледа и ќе си го долови амбиентот во кој Здружението дејствувало и дејствува - Кочани и Кочанско како стопански, политички, културен, спортски и друг вид, негова вчерашна и сегашна слика и ќе ја назре неговата можна иднина. Тоа дава можност за пообјективно ја оцениме и активноста на Здружението во третираниот период, а посебно во шеесетината години на пензионерството на Македонија.

Приказите во текст и бројки на планираното и постигнатото во текот на годините говорат за една плодна и осмислена работа, за добро организирана активност на бројната пензионерска популација во Кочани и Кочанско. Јасно се гледа дека не се жалело труд и време и дека вакви резултати можат да бидат плод на работа на умешни поединци и органи, на добро осмислени и насочени програмски определби кои биле прифатени од членството".

**Чедо Георгиевски** како промотор на оваа содржајна и квалитетна монографија укажа и на фактографската и сликовита вредност, за постигнатите успеси во извршувањето на програмските задачи, за хуманитарните, културно-забавните, рекреативните и спортските активности, за ентузијазмот и дружељубивоста, при што ја истакна создадената хармонична целина од новинарот и публицист Драги Аргировски, кој и овојпат, како и порано покажа дека умее да биде добар набљудувач, дека е во тек со времето, дека е актуелен и вешт уредувач и творец и кој досега се пројави 15 пати како забележителен публицистички автор.

Со пригодна беседа излегувањето на монографијата "Во виорот на третата доба" ја поздрави и **Костадин Романов**, а зборуваше и претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** потенцирајќи дека оваа монографија е една од ретките со пензионерска проблематика во нашата земја и треба да биде поттик на пензионерските здруженија за издавачка дејност.

Заблагодарувајќи се монографот **Драги Аргировски** истакна дека во подготовката и уредувањето на ова публицистичко дело пристапил студиозно и аналитички, така што е создаден приказ и успешно согледување на шестдецениската активност на пензионерите од овој регион, како драгоценост за сегашните и идните генерации. Аргировски посебно се заблагодари на тимовите соработници предводени од претседателот на Здружението на пензионерите во Кочани Ѓорѓи Серафимов и од познатата печатница "Европа 92" и ценетиот бизнис творец, пратеникот Ратко Димитровски.

Заокружувајќи ја оваа пригодна свеченост претседателот на Здружението на пензионерите **Ѓорѓи Серафимов** го истакна прикажаниот успешен континуитет на оваа пензионерска асоцијација со над 5.000 членови, што дава надеж за успешна реализација и на новопоставените цели и задачи. Воедно за создадената убава атмосфера на промоцијата се заблагодари на сите присутни гости и пензионери, на подготвувачот и промоторите, како и на спонзорот и соиздавач-печатницата "Европа 92" од Кочани.



**С. Гро.**

Согледувања

# Нема време за одлагања



Веќе е крајно време да отпочне постапката за измени и дополнувања на Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - СЗПМ и на статутите на здруженијата на пензионерите - членки на Сојузот.

Иако потребата за измени и дополнувања на Статутот на СЗПМ и статутите на здруженијата беше согледана од порано, конкретни активности на овој план досега не беа преземени, а поради следново:

Повеќегодишните најави од надлежните државни органи за поголеми и суштински измени во Законот на здруженијата на граѓани и фондациите не се остварија. Не се реализира ниту предлогот за донесување на посебен закон само за здруженијата на граѓани и посебен закон за фондациите. Барањето за прифаќање на ваквите законски проекти беше со цел да се поедностави примената на законите.

Да спомнам дека Законот на здруженијата на граѓани и фондациите беше донесен во средината на 1998 година ("Сл.Весник на РМ" бр. 31/98 год.) измени и дополнувања на овој Закон се направија пред извесно време, поточно на 1.03.2007 год. ("Сл.Весник на РМ" бр. 29/07 год.) што значи скоро после десет години од неговото донесување.

Досегашната примена на споменатиот закон покажа бројни празнини, недоречености и нецелосна опфатеност и недоволно уредени прашања особено за поставеноста и за местото во општеството на пензионерската асоцијација која е најбројна и најорганизирана за разлика од другите здруженија на граѓани во Републиката. Поради ова само по себе се поставува прашањето и, можна ли е во практиката адекватна и истоветна примена на одредбите на овој закон за здружение на граѓани од 5 или 10 члена со здружение на граѓани од 18 илјади члена или здружени во Сојузот повеќе од 220 илјади члена како што е пензионерската организација. Се разбира нема никаква логика.

Следејќи ги подготовките на надлежните државни органи за измени и дополнувања на Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, органите и телата на СЗПМ благовремено изготвија материјал со многубројни и со конкретни текстуални предлози и решенија со барање истите да бидат внесени во посебна глава на Законот или да се изготви посебен Закон кој ќе ги уреди нерешените прашања од областа на дејствување на здруженијата на пензионерите и нивниот Сојуз.

Очекувањата за повелирање на споменатиот закон не се исполнети. Неодамнешните измени и дополнувања на истиот Закон не донесоа ништо ново за пензионерската асоцијација.

Уверен сум дека ваквата состојба ќе потрае уште подолго време, па затоа мислам дека неодложно се наметнува потребата за отпочнување на процедурите за измени и дополнувања на статутите на Здруженијата на пензионерите и на Статутот на СЗПМ, на начин и постапка предвидена со самите статути.

Да не се разбереме погрешно. Одредбите на постојните статути и на Статутот на СЗПМ се донесени во определениот рок предвиден со Законот за здруженијата на граѓани и фондации и одредбите на истите се во целосна согласност со Уставот на РМ и со гореспоменатиот закон. Во практиката нивната примена не е спорна, но промените во општествено-политичките односи и во секојдневниот живот како и наметнатите услови за работа и дејствување воопшто на невладините организации неминовно ја налагаат потребата за поефикасно организирање и дејствување, а посебно на многубројната пензионерска организација.

Мислам дека време за одлагање на прашањето нема. Актуелноста на прашањето, бара од органите и телата на Сојузот и на здруженијата на пензионерите да дадат приоритет на ова прашање и да преземат соодветни и конкретни активности за реализација на оваа задача, која децидно е потирана и во Програмата за работа на ИО на СЗПМ за 2007 година.

**Никола Николоски,**
**член на ИО на СЗПМ ,**
**претседател на Правно**
**-економскиот совет**

Собрание на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Скопје

# Поттикнување на активности на здруженијата



Хорот на ЗП „Гази Баба“

Извештајот за работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите за 2006 година, за финансиското работење во минатата година со согледувањата на Надзорниот одбор, финасовиот план за 2007 со програмата за работа беа во фокусот на вниманието на седницата на Сојузот што се одржа на 15 март.

Во уводното излагање на претседателот на СЗП - Скопје д-р **Крсте Ангеловски** и во дискусијата се истакна дека Собранието на Сојузот во минатата година одржало три редовни седници на кои се расправало за актуелните прашања од делувањето на пензионерите од седумте здруженија во град Скопје, за нивното што поцелосно усогласување на работата и организирање заеднички средби и акции.

Беше истакната и потребата од порационално користење на Рекреативниот центар во Катланово од страна на пензионерите, особено во јули и август, како и од реконструкција и модернизација на објектот, како и за интензивирање на преземените активности за утврдување на сопственост на Пензионерскиот дом "Аеродром".



Станува збор и за потребите од поголемо ангажирање на полето на културно-уметнички самодејности и организирање заеднички приредби на ниво на градот, како и за поттикнување на здруженијата за остварување подобри резултати на регионалните и републичките пензионерски спортски натпревари.

Во дискусијата учествуваше и потпретседателот на СЗПМ **Андон Марковски**, кој откако информираше за проблемот со усогласувањето на пензиите со платите и трошоците на живот, за солидарните средства и за ангажираноста за подобро снабдување со лекови, се заложи за зголемување бројот на ограноците и клубовите на пензионерите во сите здруженија, како и за изградба на нов Дом на пензионери во главниот град на Македонија.

**Д.А.**



Трета седница на Собранието на Здружението на пензионерите Охрид – Дебрца

# Минатата година една од поуспешните

Здружението на пензионерите на Охрид - Дебрца во минатата година оствари повеќе значајни активности поради што членовите на Собранието на оваа асоцијација на третата седница, 2006 година ја оценија како една од поуспешните. Поставувајќи ги на дневен ред Извештаите на највисокиот орган на Здружението, како и на Извршниот и Надзорниот одбор и на другите органи и комисии, претседателката на Собранието **Евда Лупевска** истакна дека навреме и суштински се реализираа сите програмирани активности.

Давајќи оценка за работата на Извршниот одбор претседателот **Ѓорѓи Трпчески** потенцира дека во минатата година на изборите посебна динамика беше остварена во базата, каде и се остварени и бројни контакти за појаснување на инсинуациите што се наметнаа околу прашањето на Солидарниот фонд. На состаноците била истакната



и заложбата за поквалитетна здравствена заштита, потребата од изградба на Дом на пензионери и други значајни прашања, а беа поздравени и резлутатите постигнати на полето на збогатувањето на културно-забавниот живот на пензионерите и на спортските натпревари, со оглед на тоа што на 11-тите Републички пензионерски спортски натпревари "Крани 2006" спортистите од ова Здружение го освоија првото место.

Воспоставена е и соработка со неколку здруженија на пензионери од Република Албанија и Република Бугарија и ќе се настојува ваквата активност да продолжи и во иднина.

И покрај вака зголемените активности и трошоци за изборите за пофалба е што здружението на пензионерите од Охрид и Дебрца минатата година ја заврши со добивка од 147.000 денари, а надоместокот за починатите пензионери од 1 јануари 2007 година е зголемен од 28 на 30 илјади денари.

Во излагањето на **м-р Крсте Костоски**, претседател на Надзорниот одбор, на **Сотир Шикалоски, Насте Ивановски, Димитрија Стојчески, Илија Петковски, Зарко Спасоски, Васко Калески, Вера Маркулева - Поповска, Зоре Мицковски, Јонче Петрески, Диче Стојкоски** и други, посебно стана збор за успешното работење на Клубот на пензиоенрите во Охрид, за помошта што се дава на пензионерите при снабдување на дрва, јагнешко месо, сирење и друго на рати, за успешната работа на 40 ограноци, што е најразвиена базична мрежа во нашата земја, за соработката со локалната самоуправа, за работата на Активот на жените, за приклучување на инвалидските пензионери и слично.

Во дебатата учествуваше и претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** истакнувајќи дека охридската пензионерска организација со своите резултати е меѓу најуспешните во нашата земја. Шурбановски информираше за ангажираноста на Сојузот за решавање на актуелните проблеми за пензионерите, за подобрување на квалитетот на пензиоенрското живеење и дека проблемите најчесто се јавуваат во недоволната транспарентност на институциите на државата. СЗПМ проблемите јавно и јасно ги дефинира, но резултатите најчесто изостануваат, а со тоа се зголемува и неизвесноста. Шурбановски се заложи за корисноста од постоење и делување на Солидарниот фонд и за спроведување на одредбите на меморандумот за разбирање помеѓу Владата и Република Македонија и СЗПМ, за што станало збор и на неодамнешната средба со премиерот Никола Груевски. Шурбановски зборуваше и за заложбите за подобрување на социјалната и здрвствената положба на пензионерите, подобрување на снабденоста со лекови од позитивната листа и за поголема грижа за секој пензионер и за стари лица.

Членовите на Собранието на Здружението на пензионерите на Охрид - Дебрца едногласно ги прифатија сите предложени извештаи и заложби.

**Крсте Спасески,**
**- Д.Аргировски**

Трета седница на Собранието на Здружението на пензионерите "Кисела Вода" – Скопје

# Повеќе активности во интерес на пензионерите

Едно од најбројните здруженија на пензионерите во нашата земја секако е Здружението на пензионерите на "Кисела Вода", бидејќи во него членуваат 19.550 пензионери што живеат во општините Сопиште, Зелениково, Студеничани и Кисела Вода, како и од новата општина Аеродром. Во здружението функционираат 12 ограноци и 9 клуба, а со оглед на големиот простор што го опфаќа има потреба да се формираат нови ограноци и клубови, но за тоа тешко се обезбедуваат просторни услови. Ова, меѓу другото, беше констатирано на третата седница на Собранието на здружението



на која се расправаше по извештајот за работата на органите и телата и завршната сметка за минатата година, како и за програмата за работа во 2007 година.

Со седницата раководеше претседателот на Собранието **Доне Тодоровски,** а уводни напомени даде претседателот на Извршниот одбор **Димитрија Богатиновски,** истекнувајќи го успешното работење и развивање на организацијата, со што е создадена здрава економска основа за повеќе нови активности во интерес на пензионерите. Богатиновски посебно нагласи дека и извршената контрола на материјално-финасиското работење на здружението од Регионалната дирекција на управата за јавни приходи за персоналниот данок од доход за минатите четири години, за расходите и приходите, за данокот за додадена вредност, како и за работата на Солидарниот фонд во последните три години, не се утврдени неправилности во примената на Законот и упатствата. Тоа значи дека даночните стапки за пресметување и плаќање на персонален данок и други примања правилно и точно се користени согласно член 15 став 2 од Законот. Ваква оценка е искажана и за данокот за додадена вредност. За Солидарниот фонд е утврдено дека Здружението средствата ги користи исклучиво наменска за погребни трошоци. За извршената проневера во 2003 и 2004 година од поранешната благајничка Вера Армаганијан во износ од 8.881.000 денари, делот од 4.510.800 денари веќе е вратен, а за останатиот долг има пресуда од Основниот суд - Скопје.

По поздравните зборови на **Петар Узунчев**, претседател на Здружението на пензионерите на Карпош и дискусијата во која учествуаа **Станко Василевски, Душко Атанасовски, Иван Цветановски, Драги Аргировски, Слободан Илиевски, Владо Симовски, Јаким Заоски, Богое Јовановски и Миливое Димовски** се истакна потребата од поголема грижа за стан-



дардот на пензионерите, за здравствената заштита, за формирање пејачки групи и Актив на жени-пензионерки, за поголема масовност во спортски активности и рекреација, како и за хуманитарни акции.

Беше усвоена и одлука за зголемување на надоместокот во случај на смрт на корисникот на пензија од 34 на 36 илјади денари.

Беа врачени и благодарници на истакнати активисти на здружението.

**Д.А.**



фото: Ангелко Серафимоски

Проширена седница на Здружението на пензионерите во Гостивар

# Успешна работа во континуитет

Во Домот на пензионерите "Цвет" во Гостивар деновиве се одржа проширена седница на Собранието на Здружението на пензионери, со кое раководеше претседател **Андреја Огњаноски**, истакнувајќи го задоволството од постигнатите резултати во работата на пензионерската организација во која членуваат над 5.600 пензионери, што се организирани во 23 ограноци. За домаќинското работење покажа и завршната сметка на приходи и расходи за 2006 година, како и на наменското користење на средствата од Солидарниот фонд.



Беше потенцирано дека Здружението на пензионерите во Гостивар сè повеќе се изразува како место каде членството ги остварува своите права и интереси. Беше подвлечено дека со средствата од солидарните фондови можат да управуваат само пензионерите, бидејќи тоа се нивни средства. Во извештаите беше констатирано дека средствата од членарина главно се користат за остварување на активности во врска со спортот, рекреацијата, културно-просветната дејност, за партиципација за банско лекување на пензионерите, за екскурзии, за фолклорни ревии и за средби со различни поводи. Како илустрација на тоа беше спомната осмата другарска пензионерска вечер одржана на 25 ноември 2006 година со учество на околу 300 пензионерки и пензионери, кои беа мошне задоволни од музиката, менито и од општото расположение.

Во излагањата на **Анде Стефаноски, Најдо Ристоски, Дуке Кироски, Ајредин Исмани, Намик Арслановски, Диме Мојсоски, Сатки Нуредини, Томе Петрески и Милош Трпески** беше поздравена успешната работа во континуитет, а се заложија за подобра здравствена заштита на пензионерите, за решавање на имотноправните односи за решавање на сопственоста на Домот на пензионерите, за поголема грижа за подобрување на животниот стандард, за подобра работа на клубовите во Гостивар и Жировница и слично. Беше речено и тоа дека иако од две бројот на аптеките во општината каде можат да се набават лекови од позитивната листа е зголемен на осум, сепак лекови недостигаат. Беше поздравена и акцијата за снабдување на пензионерите со огревно дрво на седум рати, како и подобреното информирање преку Информативниот билтен на Здружението, што излегува четири пати годишно, на македонски и албански јазик.

Собранието ги поздрави **Славко Лазаревски**, претседател на ИО на Здружението на пензионерите од Тетово, а во дискусијата учествуваше и **Чедо Георгиевски**, секретар на СЗПМ, кој се заложи да се создадат услови секој член да биде информиран и активен чинител во решавањето на проблемите. Тој истакна дека СЗПМ постојано се ангажира за подобрување на квалитетот на пензионерскиот живот, но државните институции мошне ретко реагираат позитивно.

**Д. А г.**



МОЗАИК



Гидо Бојчевски

Тетово

# Десетти јубилејни инвалидско пензионерски средби



Претседателот на здружението Аризанкоски со делегацијата од Тирана

Деновиве во салата на Домот Тетекс - АРМ во Тетово се одржаа Десеттите јубилејни инвалидски средби во организација на Здружението на инвалидите на трудот и корисниците на инвалидската пензија.

За средбата имаше големо интересирање меѓу инвалидските пензионери во градот под Шара, при што се создаде пријатна атмосфера на другарување и соработка.

За значењето на 21 март светскиот ден на инвалидите на турдот говореше секретарот на здружението Гидо Бојчевски, истакнувајќи дека човекот што станал инвалид претрпел големи психофизички промени и претставува специфичен случај за негово интегрирање во општеството независно од годините на животот, а нивното прифаќање од државата, здружението и семејството е многу битен чинител.

Потсетувајќи се на јубилејот, долгогодишниот истакнат претседател на Здружението на инвалидите на трудот и корисници на инвалидска пензија во Тетово Југослав Аризанкоски напомена дека идејата за одржување на овие средби се родила уште во 1955 година и оттогаш тие се одржуваат секоја година, освен во 1997-98 година. Десетгодишната традиција придонесе за афирмација на здружението, за создавање на атмосфера на дружење и соработка. Во ова здружение од вкупно 4.000 членови, 3.800 се инвалидски пензионери и ги користат сите права како пензионери, со одредени бенифиции зависно од инвалидноста. Аризанкоски посебно ја истакна потребата од уште поголема соработка со СЗПМ и другите пензионерски асоцијации, бидејќи интересите за заштита и унапредување на правата се заеднички. Тој се заложи средствата од Солидарниот фонд и натаму да се сервисираат преку здруженијата, бидјеќи се тоа лични средства на пензионерите. За одбележување е и тоа дека во Сојузот на здруженијата на инвалидите на трудот и корисници на инвалидска пензија на Македонија членуваат 25.000 инвалидски пензионери или 50 отсто од вкупниот борј во нашата земја.

На јубилејната средба во Тетово присуствуваше и делегација на огранокот на инвалидски пензионери од Тирана-Република Албанија на чело со Џелил Пренга. Познатиот наш скијачки ас Јахја Рефик, инвалидски пензионер од Тетово укажа на значењето и на корисноста од соработката на пензионерите и инвалидите на трудот помеѓу Тетово и Тирана, бидјеќи размената на искуствата и дружењето можат да придонесат за поголема ефикасност во делувањето од заеднички интерес на здруженијата и членството.

**Д.Аргировски**



фото: С. Стаменковиќ

ФОТО ВЕСТ



Во чест на Денот на жената 8-ми март во повеќе здруженија на пензионерите се одржаа пригодни манифестации и хуманитарни акции. Новата општина Аеродром во Скопје на околу 170 станари на Домот на пензионерите "Аеродром" им додели современи оброци, што се очекува да биде традиција. Свеченоста се одржа во Клубот на пензионерите "Јане Сандански" при што за значењето на оваа хумана акција зборуваа **Доне Тодоровски**, претседател на Здружението на пензионерите - Кисела Вода и **Маја Манчевска,** одговорна за односи со јавноста на општина Аеродром. Станарите на Домот на пензионерите изразија голема благодарност на здружението и општината за организирање на оваа осмомартовска хуманитарна акција.

**Д.А.**



Издавачка дејност

## „Родољупци" - монодрами на Босеовски, пензионер од Штип




Се повеќе пензионерки и пензионери од ншата земја се јавуваат со нови поетски или прозни дела. Нашиот дописник Трајко Босеовски, пензионер од Штип, како член на литературниот клуб "Исар" го објави своето најново дело "Родољупци" - монодрами, што наиде на убав прием кај читателите. До пензионирањето, како медицински техничар и крводарител, Босеовски инспирација за своите дела наоѓа во професијата, но и во револуционерното минато и роднокрајните мариовски копнежи.

За своја душа овој пензионер повремено се занимава и со наивно сликарство.

**Д.А**

## Пензионер - калемар за почит



Гевгелискиот пензионер Петар Петров цели 40 години на југот на земјава го носи епитетот најдобар калемар на лозови и овошни садници. Своите први кораци во калемењето ги започнал во некогашниот гевгелиски комбинат ЗИК "Винојуг" од Гевгелија.

Сепак, своите најдобри резултати ги остварува во калемењето на лозовите садници од надалеку познатата сорта - "викторија" за чие грозје има голем интере речиси во сите европски земји.

Големи успеси постигнува и во калемењето на круши, кајсии, слива, па дури и лимони чии површини постојано се зголемуваат и обезбедуваат квалитетен и богат род.

И не само тоа. Чичко Перо како популарно го нарекуваат, е извонреден и во печењето на квалитетна гевгелиска ракија...

Токму ваквите активности го одржуваат пензионерот Петар Петров кој ќе ви рече: Посреќен сум кога работам, отколку кога седам, што ме прави да се чувствувам како корисен пензионер.

**Т. Кусеников**

Писмо до Редакцијата

# Пензионери не се разболувајте!

Додека СЗПМ води борба и се залага за подобрување на условите од областа на здравствената заштита на пензионерите тие да бидат ослободени од плаќање на партиципација за лекови, специјалистички прегледи и други здравствени услуги, како и проширување на позитивната листа со поголем број на лекови и нивно континуирано снабдување на аптеките, а и уште повеќе овозможување на пензионерите со хронични заболувања да можат одеднаш да добиваат рецепти за една тромесечна терапија, што е од особен интерес за пензионерите од подлабока старост. Впрочем, лицата постари од 65 години некои од таквите права ги имаа и пред повеќе години. Сега, наместо таквите барања и заложби на пензионерите да бидат реално согледани и прифатени од Минситерството за здравство и Фондот за здравство, тие пропишуваат и применуваат уште порестриктивни мерки со политика на штедење на здравствениот денар, на штетата по здравјето на сите здравствени осигуреници.



Сега што е ново? Се воведува рестрикција на издавање рецепти од позитивната листа на лекови и ограничен број на специјалистички упати, што е многу непопуларна мерка за сите болни. Помеѓу Фондот за здравство и матичните лекари е склучен договор на годишно ниво за 2007 година, во зависност од позитивната листа и упати за специјалистички прегледи на терет на Фондот и тоа во просек:

- од 0 до 6 годишна возраст до 3 рецепти и 2 спец. прегледи;
- од 0 до 18 години 2 рецепти и 1 специјалистички преглед;
- од 18 до 34 години 2 рецепти и 1 специјалистички преглед;
- од 34 до 65 години 4 рецепти и 3 специјалистички прегледи;
- над 65 години 4 рецепти и 4 специјалистички прегледи.

Секако во таа листа пензионерите се најпривилегирани со поголем број на рецепти и болнички упат, ама тоа е и најболната популација во третата доба од својот живот. Хроничните болести бараат континуирана доживотна терапија. Со нив живеат голем број на стари лица, односно пензионери, па затоа и најмногу се загрижени за редовно снабдување со лекови од позитивната листа на Фондот.

Реформите во здравството се потребни, но можат ли хронично болните пензионери со ниски пензии, работници со мали плати, стечајци и други осигуреници да се вклопат во таа шема и на своја сметка да се лекуваат? Сигурно дека и така осиромашеното население не може без пари да се лекува. Народот рекол: "Здравјето со пари не се купува, ама и здравје без пари не бива".

Во недостиг на лекови од позитивната листа и досега пензионерите мака мачат да дојдат до посакуваниот лек.

Сметам дека СЗПМ како асоцијација на пензионерските здруженија во Републиката треба сериозно да го сфати овој проблем со овие рестриктивни мерки што ги спроведува Фондот и благовермено да реагира пред надлежните органи.

**Александар Костов,**
**пензионер од Струмица**

## АПТЕКА

Во аптека стојам
редица ко река,
пред мене и зад мене
многу народ чека.

Од редот позади
вика една жена,
давајте по едно,
за мене ќе нема.

Нема веќе, госпоѓо
се потроши тоа,
од тие лекови
ни дојдоа троа.

Тогаш, дај што било
велам ко во шала,
а душа се стега
како мравка мала.

Од овие, госпоѓо
добивме сал пет,
па поарно прашајте,
не чекајте ред.

Е, тага ме фаќа
незнам дал пет биле,
или за пријатели
под тезга ги скриле.

Си ја собрав чантата
со рецепти полна,
и сета огорчена
си заминав дома.

**Цветанка Крстевска**
**пензионерка „Бирарија" Скопје**